РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

*Сектор за урбанизам, заштита на животната средина,*
*комунални работи и отпуѓување на градежно земјиште*
*Одделение за урбанизам и заштита на животната средина*

бр. 1002-256/7
од 12.09.2019 год.

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и донесената Одлука бр. 0801-198 од 01.08.2018 година од Советот на Општина Свети Николе за Измена и дополнување на годишната програма за изработување на урбанистички планови на Општина Свети Николе за 2018 година, Градоначалникот на Општина Свети Николе го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

за организирање на јавна презентација и јавна анкета
по Предлог план за Детален урбанистички план со намена Д3 – спорт и рекреација,
локалитет Мавровица – Општина Свети Николе

Планскиот опфат за кој се работи предметната урбанистичка документација е е дефиниран оските на следниве сообраќајници:

- од северозападната страна границата на опфат минува по сервисна улица 111.
- од југозападната страна границата на опфатот се движи по новоформирана сервисна улица.
- на југоисточната страна границата на опфатот се движи по сервисната ул. "Ванчо Ангелов".
- на североисточната страна границата на опфат минува по автопатот А4.

Планскиот опфат е со површина од **11.3 ха**.

Јавната анкета и јавната презентација по Предлог Детален урбанистички план со намена Д3 – спорт и рекреација, локалитет Мавровица – Општина Свети Николе, за плански период 2019-2024 година, Општина Свети Николе, ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во просториите на Општина Свети Николе.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **17.09.2019** година во **12:30** часот во просториите на Општина Свети Николе.

Јавната анкета ќе трае **десет работни дена** од денот на одржувањето на јавната презентација, односно почнувајќи од **17.09.2019** заклучно со **30.09.2019** година во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма, секој работен ден од **07:30** до **15:30** часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

м-р Сашо Велковски